декември 2013

# ИНФОРМАТОР # 21

## Трилатерална средба „Шара – Кораб – Дешат“

Министрите за животна средина на Македонија, Косово и Албанија, заедно со претставници од локалните власти во регионот, претставници на канцеларијата на УНЕП од Виена и германската фондација Еуронатур на 7 ноември на Попова Шапка се сретнаа по повод планирање идни развојни чекори во однос на предложеното прекугранично заштитено подрачје „Шар Планина - Кораб - Дешат“.

Овој трилатерален состанок по втор пат ги обедини претставниците од Албанија, Македонија и Косово, со цел забрзување на соработката, олеснување на трилатералните комуникации и консултации меѓу заинтересираните страни, идентификација на соодветна заштита на природата и развој на заеднички приоритети за прекугранична соработка во регионот.

Во рамките на средбата беше одобрен и потпишан документот - Визија за предложеното прекугранично заштитено подрачје „Шар Планина - Кораб“, подготвен зеднички во рамките на проектот „Развивање идни насоки за прекуграничното заштитено подрачје Шар Планина - Кораб“ кој се реализираше на трилатерално ниво во текот на 2013 година.

Трилатералната средба се одржа под покровителство на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, со поддршка на канцеларијата на УНЕП од Виена и германската фондација Еуронатур во соработка со Македонското еколошко друштво.



euronatur
Republic of Macedonia
Ministry of Environment
and Physical Planning
UNEP
Federal Ministry for the Environment, Nature Conservation and Nuclear Safety
ENVSEC
Austrian Development Cooperation

Започна проект за заштита на прекуграничниот планински масив Јабланица-Шебеник стр. 2

Работилница за истражување и заштита на евроазискиот рис стр. 3

На повидок прв Акционен план за заштита на балканскиот рис стр. 3

Успешен почеток на една нова традиција за промоција на Осогово! стр. 4

Спроведена е новинарска тура на Осогово стр. 5

Кампања за преселните патишта на птиците стр. 6

Формирање локална група за заштита на Дојранското Езеро стр. 7

Еколошката едукација – најважната алка во унапредувањето на животната стр. 8

# Започна проект за заштита на прекуграничниот планински масив Јабланица-Шебеник

Македонското еколошко друштво продолжува со своите активности на планината Јабланица. Од септември годинава започна со реализација проектот „Подобрување на прекуграничната заштита и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население“ со времетраење од 18 месеци.

Целта на овој проект е да се придонесе кон промоција на позитивните практики за одржливо користење на природните ресурси во пет општини кои гравитираат на Јабланица-Шебеник, како и да се подигне свеста на локалното население за одржливото користење на природните ресурси преку спроведување методи кои не и штетат на природата.

Според раководителот на проектот, Фросина Пандурска – Драмиќанин со активностите на овој проект треба да се обединат локалните власти, образовните институции, невладините организации, ловните друштва, фармерите и локалното население околу главната идеја на проектот а тоа е подобро менаџирање на животната средина на планинскиот масив Јабланица-Шебеник.

Проектот започна со иницијални состаноци во општините Струга и Вевчани во октомври и ноември 2013-та година. На почетокот на декември во овие општини беа одржани и два форуми со цел информирање на локалното население околу целите и активностите на проектот, за поголема идна соработка и нивна вклученост во истите.

Проектот е финансиран од програмата за прекугранична соработка ИПА 2007-2013 за Македонија и Албанија од Европската Унија и во него се вклучени општините Струга и Вевчани од Македонија и Либражд, Стеблеве и Рајце од Албанија.

МЕД го спроведува овој проект заедно со невладината организација Заштита и зачувување на животната средина во Албанија (ППНЕА) од Албанија како и фондацијата Еуронатур од Германија.



## Работилница за истражување и заштита на евроазискиот рис

Во периодот од 21-25 октомври 2013 година, претставници од МЕД присуствуваа на работилница за истражување и заштита на евроазискиот рис одржана во Берн, Швајцарија. Работилницата беше организирана од страна на швајцарската организација КОРА. Покрај претставниците од МЕД, на работилницата присуствуваа и претставници од Универзитетот од Левов и Институтот за зоологија "Шмалхаусен" од Киев, Украина, Словачкото друштво за заштита на дивиот свет и ЗОО Бојнице и Техничкиот универзитет од Зволен од Словачка.



Работилницата беше посветена на научните пристапи за истражување и заштита на популацијата на евроазискиот рис, со посебен акцент на популацијата на критично загрозениот балкански рис во Македонија, автохтоната популација на карпатски рис во Словачка и реинтродуцирана популација на карпатски рис во Швајцарија.

Тимот од МЕД кој работи на заштита на балканскиот рис, на колегите од Украина и Словачка им го пренесе своето досегашно искуство во врска со истражување и мониторинг на рисот и тоа преку методите на фото-замки и радиотелеметрија. За време на работилницата, преку конкретни примери и презентации, учесниците дадоа и краток осврт на теориите и концептите за проучување и заштита на рисот, практичната апликација на методите на терен и начините на анализа и управување со податоци.

## На повидок прв Акционен план за заштита на балканскиот рис

Националниот парк Маврово сеуште претставува единствено подрачје каде е потврдено размножувањето на рисот. Токму поради овој факт зачувувањето на оваа популација во паркот и неговата непосредна близина претставува главен приоритет. Во рамките на проектот Програма за закрепнување на балканскиот рис, во завршна фаза е изработка на Акционен план за заштита на рисот во НП Маврово, со кој ќе бидат опфатени најзначајните активности за заштита на рисот на подрачјето на паркот и неговата блиска околина.

Подготовките за овој план започнаа во септември кога беше организирана првата од серијата планирани работилници за изработка на планот. На оваа средба присуствуваа претставници од МЕД, НП Маврово и од швајцарската организација КОРА. Беа презентирани реализираните и тековните активности во рамки на Програмата за закрепнување на балканскиот рис, а воедно беа испланирани следните работилници за подготовка на акциониот план. Втората работилница се одржа во ноември, а беше посветена на изработката на акциониот план преку дефинирање на целите и активностите. Покрај претставници од споменаните организации, на оваа работилница присуствуваше и официјален претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање и Шумарскиот факултет од Скопје. На последната работна средба која се реализираше во декември со учество на истите учесници, беше изработена нацрт-верзија на планот со главните цели, подцели и активности, како и временска рамка, беа одредени одговорните лица и финансиите потребни за успешно спроведување на активностите од планот.



Оваа нацрт-верзија од планот е предвидено да биде јавно презентирана пред сите засегнати страни, во почетокот на 2014 година. Дополнително, беше изработена и првична верзија од предлог проект со кој би се обезбедиле дел од неопходните финансиски средства за спроведување на Акциониот план во паркот.

Според претставниците на Националниот парк Маврово, идејата за создавање Акционен план за заштита на балканскиот рис е добра и треба што поскоро да се реализира со цел да се задржи позитивниот тренд на популацијата на рисот во рамките на паркот. Да се надеваме дека овие структурирани и насочени активности кон зачувување на јадровата популација на рисот ќе придонесат кон негово понатамошно ширење и населување на останатите подрачја од регионот кои нудат поволни услови за негов опстанок.

# Успешен почеток на една нова традиција за промоција на Осогово!

„Осогово и лично и различно“ беше слоганот на првиот настан за промоција на Осогово кој се одржа на 6 октомври на Пониква. Во рамките на настанот беа организирани велосипедска и планинарска тура Кочани – Пониква – Кочани, а околу 150 посетители на настанот имаа можност да пробаат традиционална храна, да се запознаат со занаетите и да уживаат во традиционалната музика.

Според организаторите, овој настан е почеток на една нова традиција, каде луѓето со различни интереси ќе може да се дружат и да ја поддржат идејата која ги спојува – промоцијата на Осогово.

- Се надеваме дека ваквите настани ќе ја подобрат соработката на локалните невладини организации и групи коишто се клучни за постигнување локален економски развој, пред се поради фактот што тие преку своите активности ќе придонесат кон зачувување на природните и културните вредности на Осогово, коишто се веќе препознатливи. Очекуваме дека организациите нема да застанат тука и дека ќе продолжат со меѓусебна соработка и заеднички проекти, смета раководителот на проектот Деспина Китанова.

Идејата за ваков настан започна на една работилница за невладини организации, спроведена во рамките на проектот „Прекуграничен Биосферен резерат Осогово“, со цел различните организации од регионот да ја засилат меѓусебната соработка.







Настанот беше организиран од страна на Спортскиот клуб – Електрика, Планинарското спортско друштво Осогово, Слоуфуд Осогово, Велосипедскиот клуб – Зелени патеки, Здружението на пчелари – Пчела, Здружението на земјоделци – Машински круг во координација на Македонско еколошко друштво.

Slow Food Osogovo

S.K. ELEKTRIKA

Зелени патеки

Земјоделско здружение на МАШИНСКИ КРУГ

## Новинарска тура на Осогово

Десетина новинари од Македонија и Бугарија ги запознаа убавините на Осогово од македонската и бугарската страна на планината на турата организирана во рамки на проектот „Прекуграничен Биосферен резерват Осогово", спроведуван од Македонското еколошко друштво и Бугарската ондација за биоразнообразие.

Прва дестинација беше Пониква, на настанот „Осогово и лично и различно", новинарите имаа можност да разговараат со локалното население од регионот, кое се занимава со традиционални дејности.

Вториот ден турата продолжи со посета на ловниот резерват Полаки каде што новинарите имаа можност да фрлат поглед на локалитетот Ратковa Скала и да слушнат повеќе за неговите вредностите. Потоа го посетија и Споменикот на природа – Дабот Бели и селата Бели и Нивичани кадешто разговараа со локалното население за животот во овој крај и активностите кои ги обавуваат. Во селото Пантелеј пак, го посетија манастирот посветен на св. Пантелејмон. Потоа, на кратко го разгледаа селото Рајчани, кое беше посочено од експертите како потенцијал за развој на селски туризам и од таму, минувајќи низ Злетово, стасаа до Лесново, каде ги чекаше пригоден осоговски ручек. Покрај ресторанот кој е пример за успешен рурален туризам и музејот на Лесново, новинарите имаа можност да снимаат клесање на воденички камења и да разговараат со единствениот човек кој се бави со овој занает во Лесново.

Третиот ден започна во Осоговскиот манастир, потоа со кратка посета на Крива Паланка, каде разговараа со лиценциран планинарски водич којшто постојано работи на промовирање на Осогово, а останатиот дел од денот го поминаа во бугарската страна на Осогово: најпрво во Општина Ќустандил, а потоа во селото Гранитца, каде што го посетија манастирот св. Лука во чија близина се наоѓа и вековната букова шумичка, која е под строга заштита.

Се надеваме дека ваквата промоција на Осогово, преку медиумските репортажи кои ги очекуваме, ќе ја подигне свеста на населението за вредноста на овие планини и потребата од нивна навремена заштита.

*контакт: kitanova@mes.org.mk*



Новинари од Македонија и Бугарија се запознаа со убавините на Осогово!

# Кампања за преселните патишта на птиците



Во рамките на проектот „Развој на капацитети за заштита на преселните патишта на птиците во Медитеранот“, во август и септември 2013 година МЕД организираше два четиридневни кампови за следење на миграцијата на птиците во Македонија.

Сместени над Вардарската долина во близина на Гевгелија, членовите на МЕД набљудуваа повеќе видови птици за време на нивната есенска миграција. Оваа активност претставува продолжение од слична активност започната во 2012 година, но како и тогаш, и годинава мониторингот резултираше со скромни резултати – беа забележани само околу 150 штркови, помал број грабливи птици, и многу пчеларки и птици-пејачки. Ваква активност планирано е да се спроведе и во 2014 година, со малку променети дати на набљудување и можеби нови локации. Фокусирањето на Вардарската долина кај Гевгелија има за цел да идентификува потенцијални проблеми за преселните птици долж нивниот најверојатен пат на миграција во Македонија, посебно во светло на планираните ветерни фарми во близина на значајното подрачје за птици „Долен Вардар“.

- Во престојниот период, со цел ублажување на потенцијалните ефекти врз птиците од фармите на ветер, МЕД ќе спроведе работилница со претставници на консултантските куќи кои работат на подготовка на оценки за влијанието на ваквите инвестициски објекти врз птиците и претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање, со цел посочување на ризиците за птиците и начините за нивно минимизирање при развојот на оваа релативно нова гранка во производството на електрична енергија од обновливи извори, најави раководителот на проектот Методија Велевски од МЕД.

Активностите во проектот се поддржани од фондацијата MAVA, истиот е раководен од BirdLife International, а кон остварување на заедничките цели на заштита на птиците долж нивните миграторни патишта во Медитеранот, работат и нашите партнери Doga Dernegi (Турција), Друштвото за заштита на природата на Либан, BirdLife Cyprus (Кипар), BirdLife Malta, Центарот за заштита и проучување на птиците на Црна Гора, Групата за проучување и заштита на птиците на Мароко и Пријателите на птиците (Тунис).

## Формирање локална група за заштита на Дојранското Езеро

Од 1ви ноември 2013 година МЕД започна со реализација на проектот „Едукација и јакнење на капацитетите за заштита на Дојранското Езеро, приоритетно клучно подрачје за биолошката разновидност“ кој цели кон креирање на локална група за зачувување на биолошката разновидност на Дојранското Езеро. Задача на проектот е да изгради капацитети кај локалните чинители поврзани со мониторинг и истражување на значајни видови.

Во периодот ноември 2013 – октомври 2014 година, МЕД ќе работи со клучните чинители кои ќе имаат важна улога во зачувувањето на ова значајно подрачје за биолошката разновидност: оштината Дојран, основните и средните училишта од регионот, ловечките организации, риболовците и концесионерот на рибниот фонд на Езерото и постојните невладини организации.

- Активностите на проектот започнаа со состанок со градоначалникот на општината Дојран г-дин Борче Стамов и ноемвриски мониторинг на бројноста и составот на птиците на Дојранското Езеро. Претстои организирање на едукативен и тренинг камп за еколошки мониторинг на Езерото, со учесници од регионалните средни и основни училишта, и претставници на заинтересираните чинители, вели Методија Велевски, раководител на проектот во МЕД.

За овозможувањето на реализацијата на проектот, МЕД е благодарен на Партнерскиот фонд за заштита на критичните екосистеми, BirdLife International и Друштвото за заштита и проучување на птиците на Словенија (DOPPS - BirdLife Slovenia).

Партнерскиот фонд за заштита на критичните екосистеми (The Critical Ecosystem Partnership Fund) е заедничка иницијатива на Францускaта агенција за развој (l'Agence Française de Développement), Conservation International, Европската Унија, Глобалниот еколошки фонд (the Global Environment Facility), владата на Јапонија, Фондацијата МекАртур (the MacArthur Foundation) и Светската банка. Основна цел на иницијативата е да обезбеди вклучување на граѓанското општество во заштита на биолошката разновидност.

Неколку пати годишно, Партнерскиот фонд за заштита на критичните екосистеми објавува повици за финансирање на проекти со следните стратешки насоки: 1. Промовирање на вклучувањето на граѓанските организации во интегрирано управување со крајбрежните зони во приоритетните коридори и клучни подрачја за биолошката разновидност, 2. Обезбедување на одржливо управување со водните сливови и разумно користење на водните ресурси, и 3. Подобрување на зачувувањето и статусот на заштита на 44 клучни подрачја за биолошката разновидност.

Повеќе информации за Партнерството во Медитеранот може да најдете на
http://www.cepf.net/where_we_work/regions/europe_central_asia/mediterranean/Pages/default.aspx

CRITICAL ECOSYSTEM PARTNERSHIP FUND | BirdLife INTERNATIONAL | DOPPS | ДОЈРАН



## Еколошката едукација – најважната алка во унапредувањето на животната средина!



„Приодот во еколошката едукација треба да почива на изградба на еколошки вредности и навики кај децата, од најмала возраст, кои понатаму во процесот на доживотно учење би се продлабочиле. Формирањето индивидуи со изградени еколошки ставови и култура, води кон унапредување на животната средина преку нивните соодветни одлуки и постапки", беше речено на Меѓународниот форум за еколошка едукација, кој се одржа во Тбилиси - Грузија во ноември 2013 година. Во рамкте на овој собир на којшто учествуваа претставници од невладини организации од источноевропските земји (Турција, Бугарија, Летонија, Естонија, Словенија, Унгарија, Македонија и други) беше претставено и искуството во поглед на еколошката едукација на Македонско еколошко друштво.

Целта на Меѓународниот форум беше развој и унапредување на еколошката едукација преку размена на практични искуства помеѓу земјите. Исто така, форумот ја одбележа Првата светска меѓувладина конференција за еколошка едукација организирана од страна на УНЕСКО и УНЕП, а одржана во 1977 година во Тбилиси, Грузија, од кадешто произлезе Тбилиси Декларацијата, која предвидува рамка, принципи и насоки за еколошка едукација за сите возрасни групи во и надвор од формалниот образовен систем на национално и меѓународно ниво. Уште повеќе, Тбилиси Декларацијата е првата меѓународна декларација која направи пресвртиница во еколошката едукација како еден значаен обид да се поврзат глобалните еколошки проблеми со социјалните, културните, економските и политичките аспекти на човековото постоење. Оттогаш, еколошката едукација е нераскинлив дел од севкупниот едукативен систем, со интердисциплинарен карактер, а подоцна и како едукација за одржлив развој.

Форумот беше организиран од NOLI.GE, грузиска невладина организација/институт специјализиран за еколошка едукација со поддршка од УНЕСКО.

